20021

**pres-kliping • press-clipping**

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95.
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
19. XI. 1971

ОД МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

# УКРАДЕНА СЛИКА НА ПИКАСО

## „ГЛАВА НА ЖЕНА" ПРОЦЕНЕТА НА 250.000 ДИНАРИ

Вчера доцна попладне директорот на Музејот на современа уметност во Скопје Борис Петковски официјално ни ја потврди веста дека од просториите на Музејот е украдено делото на големиот сликар Пабло Пикасо под наслов „Глава на жена", создадено во 1963 година што има димензии 73х55 сантиметри.

Пикасо ова свое дело му го подари на Музејот на современата уметност во Скопје во 1965 година и платното лично го има примено, преку Галеријата „Луис Лерис" што го застапува уметникот во француската метропола, Борис Петковски. При приемот на делото е оценета неговата вредност на 250.000 нови динари на која сума како што ни изјави директорот на Музејот, ова дело е и осигурано.

Веднаш штом е установено во средата дека во изложбените простории, на упадливото место, ја нема „Главата на жената" од Пикасо, алармирани се надлежните органи.

Синоќа не бевме во можност да добиеме податоци што досега установила истрагата, која, како што ни изјави Петковски е мошне обемна.

